**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 01 август 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше до изборот на претседател на Собранието господинот Стојан Андов, најстар по години пратеник во Собранието на Република Македонија.

**Стојан Андов:** Дами и гопспода пратеници,

Продолжуваме со работа по Конститутивната седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пратениците Мери Младеновски Ѓорѓиевска, Јани Макрадули, Борис Кондарко, Илинка Митрева, Илија Илоски, Илија Гечев, Јован Манасијевски и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката - Избор на претседател на Собранието на Република Македонија.**

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Почитуван претседавач, почитувани учесници.

По однос на дневниот ред и всушност на процедурата, дозволете да го нагласам ова што следи. И овој пат се утврдува недовербата и неподготвеноста на главната партија и на мандатарот за да овозможи политички дијалог за изборот на другиот човек во државата, значи претседателот на Собранието, што е политички интерес на целата држава. Во мултиетничките демократии дијалогот е единствен начин да се постигне поширок политички договор за изборот на толку значајни органи кои треба да ги претставуваат сите етнички заедници на земјата.

Со жалење констатираме дека ваквиот наметнат и нагласувачки пристап промовиран од ваша страна дегнерира во работна метода. Оваа метода го загрозува продлабочувањето на недовербата и непризнавањето на легитимните претставници на втората популација во Македонија. Ваквите акти отвораат ретроградни процеси кои што ја враќаат Македонија во ситуација за која верувавме дека со Охридскиот договор тоа е надминато.

Уште еднаш нагласуваме дека легитимен демократски претставник е и ќе остане тој што го добил мандатот од неоспорната волја на гласачите.

Инсистирањето по секоја цена да не се земе предвид легитимната волја на мнозинството на албанската популација е повеќе од индикативно и потврдува дека оваа е вашата политичка определба. Ние сме убедени дека во мултиетничките држави само преку политичкиот договор може да се обезбеди еден политички баланс како единствена гаранција за зачувувањето на кохезијата во државата.

Ние, исто така, сме убедени дека судбината на мултиетничките држави зависи од ефективноста на механизмите кои ги усогласуваат меѓуетничките односи. Веќе убедени во самоуништувачката тврдоглавост на оваа политика и неможноста да се заземе одговорност за понатамошните политички текови на коалицијата ДУИ и ПДП и се наметнува да ја напушти оваа собраниска седница за да не ја споделиме одговорноста со вас што го избравте овој нетранспарентен и неприфатлив пат на газење на политичката волја на гласачите Албанци.

Благодарам.

(ДУИ ја напушти седницата)

**Стојан Андов:** Се надевам дека ова е еднократен чекор и тие ќе поразмислат и ќе се вратат. Се разбира жалам за овој настан, а го искажувам и вашето жалење и се надевам дека ова е еднократен чекор и дека ќе се вратат во Собранието пратениците од коалицијата ДУИ и ПДП.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван колега, од името на пратеничката група на СДСМ, барам еден час пауза согласно Деловникот.

**Стојан Андов:** Објавувам пауза од еден час.

(По паузата седницата продолжи во 12,17 часот)

**Стојан Андов:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 4 - Избор на претседател на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија ви е доставен, односно поделен.

Предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија ќе го образложи претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господинот Трајко Вељановски.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господинот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Почитуван претседавач, дами и господа пратеници, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на седницата оддржана на 31 јули 2006 година утврди предлог за кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија. Притоа Комисијата со мнозинство гласови за, а ниту еден глас против го утврди предлогот пратеникот Љубиша Георгиевски да биде кандидат за претседател на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љубиша Георгиевски е роден на 30 мај 1937 година во Битола. Дипломирал на Академијата за театар, филм, радио и телевизија група театар и радио режија во Белград во 1974 година. Пратеникот Љубиша Георгиевски е театарски и филмски режисер, драмски писател и есеист, теоретичар на театарот и професор по театарска режија и актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Господинот Љубиша Георгиевски е општествен работник, журналист и полиглот. Досега има издадено повеќе од 10 книги, како филмски режисер има режирано 4 филмови, како журналист има напишано преку 200 авторски колумни во дневниот весник "Дневник". Во 1994 година беше претседателски кандидат на ВМРО-ДПМНЕ. Од 2000 до 2004 година бил вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија. Говори англиски, француски, италијански, руски, бугарски, а се служи и со словеначки, полски, романски јазик.

Комисијата оцени дека пратеникот Љубиша Георгиевски успешно ќе ја извршува функцијата претседател на Собранието на Република Македонија. Од овие причини, а врз основа на член 21 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија пратеникот Љубиша Георгиевски да го избере за претседател на Собранието на Република Македонија.

**Стојан Андов:** Отворам претрес по предлогот за избор на претседател на Собранието на Република Македонија.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседавач, почитувани колеги пратеници, најнапред сакам да го поздравам новиот состав на Парламентот и од мое име и од името на СДСМ да ви го честитам изборот. Се надевам на успешна соработка во периодот што ни претстои.

Почитувани пратеници, мислам дека навистина е добро што парламентарното мнозинство од 26-ти до денеска успеа да се договори и да ни предложи кандидат кој што ќе го води овој парламентарен дом. Најголемата политичка партија во Парламентот ВМРО-ДПМНЕ како аргументи за кандидатурата на Љубиша Георгиевски за спикер на македонскиот парламент посебно истакна две работи според нив потребни и доволни за успешно и ефикасно извршување на функцијата втор човек во државата.

Првата работа е неговото политичко искуство. И втората, возраста. СДСМ изразува апсолутна почит кон годините 70 години навистина се за почит, но би рекол и виталноста. СДСМ има голем респект за неговото творештво како режисер, писател, есеист, професор. СДСМ целосно го испочитува неговиот ангажман во мандатот како вонреден и ополномоштен амбасадор во Република Бугарија. На политички план ја цени неговата лична определба кон Груевски направена во времето на поделбата на ВМРО-ДПМНЕ и ВМРО Народна партија. Меѓутоа, тргнувајќи од мислата на Марк Таврели која господинот Љубиша Георгиевски знае да ја цитира која вели: кој ја гледа сегашноста, може да го види минатото, кој, како и она што ќе се случи во иднина.

Почитувани колеги, ние не сакаме да бидеме оптоварени со неговата оптовареност од периодот на комунизмот и од неговото сопствено минато кое оди до степен на фрустрација. Политичкото искуство кое го потенцира предлагачот, а во суштина се работи, или изгледа дека се работи само за искуство, или улога на истурен фронтмен против СДСМ при што нормално одсуствуваат автентични идеи за решавање на конкретни проблеми во македонското општество.

Кратката историја на независна и суверена Република Македонија од 1991 до 2006 година господинот Љубиша Георгиевски ја дефинира вака: колку што нештата се менуваа, толку остануваа исти. Се плашам и да размислувам што ако и тој и покрај напорите да се смени останал ист од 1994 година. Како и да е почитувани пратеници граѓаните на Република Македонија на изборите одржани на 5 јули недвосмислено и укажаа доверба на опцијата на која и припаѓа и господинот Љубиша Георгиевски. Парламентарното мнозинство е дефинирано и со тоа ирелевантно е прашањето дали СДСМ ќе го поддржи, или не, изборот за претседател на Собранието. СДСМ сега има нова улога, улога на критичар и наша заложба ќе биде таа улога да биде на објективни основи, конструктивна и во интерес на државата и граѓаните.

Од овие причини СДСМ, парламентарната група ќе биде воздржана.

На крајот дозволете ми моето обраќање да го завршам со една реченица на режисерот Георгиевски кој нашево општество ќе го опише како високо невротично и несигурно во своето минато и кое станува цитирам: потулено, забулено, инфериорно и невротично, самобендисано. Благодарам.

Со среќа.

**Стојан Андов:** Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван господине Андов, уважени колеги пратеници, почитувани претставници на електронските и печатените медиуми. Има една неверојатна симболика на денешниот ден. Утре е Илинден, наспроти Илинден, ми се чини дека е најголемиот инспиративен празник на македонците, бираме претседател на Собранието, го бираме првиот по важност на законодавниот дом и вториот човек по важност во државата.

Би сакала малку да интерпретирам како во Кина, значи, не би сакала да ја земам реториката на европските, југоисточните европски држави како е принципот кога гласаат претседател на

Собранието. Ќе ви кажам еден момент во кинескиот парламент кога бирале претседател си помогнале со француските идеологисти  и тие рекле вака: француската идеологија им помага за избирач на претседател на Собранието по теркот следен. Некогаш за некој човек не е потребна биографија, односно потребен е поединец кој има само една особеност, а тоа е општествената етика. Значи, на тој принцип го бирале претседателот на Собранието. Ми се чини дека да се избере претседател на Собрание на Република Македонија наспроти Илинден е пред се свеченост и празник. Го бираме првиот репрезент на македонскиот законодавен дом, односно го бираме човекот кој треба да биде, ми се чини трамплин, така го сваќам зошто коалицијата ВМРО ДПМНЕ, односно новиот мандатар бара да биде токму од редовите. Прво, интимно му се лутам на новиот мандатар зошто по ген првата десна партија, партијата која е изворна не кажа дека ќе биде човекот кој беше кандидат за претседател. Значи, ние секако нашиот кандидат за претседател ќе го подржевме.

Втората работа, зошто сметам дека е добро што е од ДПМНЕ само заради една работа, затоа што мислам дека ќе биде брз и сериозен трансфер на законите кои треба допрва да ги носиме. Нашиот репрезент, законодавен репрезент, ако досега бил набљудуван така како што бил во претходниот состав, сега тоа ќе биде многу посериозно. Не можеме да ги продолжиме евроинтегративните процеси ако не ги донесеме законите како што е законот за јазици, законот за полиција и уште еден закон кои беа главни предуслови за процесот за евроинтеграција. Претседателот на Собранието и тоа како треба да биде сериозен двигател, би рекла мецена на она што господинот Фуере деновиве го кажа, сериозен зачеток на првичните дијалози меѓу лидерите во Собранието. Ми се чини дека прво и основно е она што е значаен аргумент, интерференцијата на јазиците која следува во моментот во нашето Собрание, а тоа значи добра, сериозна дијалошка форма, она што е од етничките заедници, она што е албанскиот фактор, ДПА и ДУИ. Деновиве и електронските и печатените медиуми се занимаваат, всушност ден и половина кој е професор Љубиша Георгиевски.

Зошто ВМРО Народна партија ќе гласа за? Затоа што во време на интелектуалниот хаос кога македонците интелектуалци не сакаа, или пак можеби се плашеа да влезат во десната политичка провиниенција, беше единствениот интелектуалец со сериозно портфолје, со сериозна биографија кој застана во десната партија. Понатаму, кога доаѓаше пописот кога требаше да се потпишуваат интелектуалците, тој беше прв кој се потпиша и многумина зад него го направија тоа. Тој беше првиот со една ми се чини малку поинаква реторика и за пописот и за референдумот, прв изјавуваше колумни итн. Се сеќавам на една негова колумна во 1992, 1993 година во која јасно уште тогаш објавува дека несомнено ќе биде значајна политичката не провокација, туку политичкиот дијалог меѓу албанските партии и македонските партии. Мислам дека во  тој период тоа се однесуваше на некоја реплика на господинот Тачи. Значи, неговата биографија е една работа. Никогаш во историјата на парламентот не се разговара за возраста, не се разговара за годините. Господинот Ѓуркчиев изговори една реплика од Марк Таврели, но таа има поинакво значење. Таа е од прилика вака: тој што го видел денот, видел се. Значи, неможе да се говори за белината на денот во неговата театарска естетика, бидејќи тој тука навистина има сериозни референци. Тој е прв кој го покажа правецот на модерната теорија на класиката и модерното. "Талаз" во 1998 година ќе напишат дека е пеколна машина која одлично ја покажува, која одлично преку претставите го покажува македонското национално самобитие. Во било која европска држава да се бира режисер на чело на парламентот е куриозитет, естетски куриозитет. Повторно велам како француските идеологисти некогаш за некој човек и мислев дека е добра режисерска замка кога на Комисијата за прашања на изборите и именувањата немаше дадено биографија. Мислев дека тоа е добро. Човекот е сам биографија. Понатаму, доволно е да ги погледнете неговите претстави. Тоа е сериозна симбиоза на се што е македонско, на се што е национално, на се што е превирање македонско и пофтеж за македонска нација.

Според тоа, доволно е тоа што беше силно на десната страна, доволно е тоа што беше силен аргумент на десницата, доволно е тоа, драг професоре, што многу пати пишувавте колумни и водевте дијалог помеѓу албанските и македонските партии, релевантен дијалог, дијалог што допрва може да се извади од вашето СВ и да се гледа, доволно е она што би требало да значи не два часа седење на пробите, овде ќе се режира многу подолго, овде пробите ќе траат 14-15 часови. Се надевам дека таа улога нема да му ја оставите на потпретседателот на Собранието, бидејќи не е во ред функцијата претседател на Собрание на Република Македонија да биде транплин за иден министер или пак, може би не знам амбасадор итн. Тогаш сериозно ќе му се налутам на мандаторот ако сега туку така, привремено поставува претседател на Собрание а потоа тој претседател да замине на некоја друга функција. Тоа не е во ред.Оваа столица е сериозна столица на која навистина пробите треба да траат подолго.

Според тоа, ВМРО Народна партија, сепак, како негов ученик, а тој како мој професор, ќе гласам за, затоа што, повторно ќе кажам, мислам дека е сериозен куриозитет, не возраста, ние секогаш го кажуваме не индивидуалниот став, туку го кажуваме субјективниот став, колективниот став на една држава.

Му посакувам многу здравје и, се разбира, утре е празникот, и вам честитки за Илинден.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Збор има пратеникот Антонио Милошоски.

**Антонијо Милошоски:** Најпрво, да ги поздравам сите пратеници, а особено пратениците од опозицијата СДСМ, навистина вака пријатно сме изненадени од обидот на господинот Курчиев да се претстави како констуктивна опозиција. Но, сепак, има некои работи што треба да се запомнат.

Партијата што имаше кандидат за претседател со 77 години, несериозно е годините на господинот Љубиша Георгиевски, 69, да ги зема како недостаток за оваа функција.

Мислам дека ние го кандидираме Љубиша Георгиевски, не затоа што е добар, туку затоа што е најдобар. Добар како политичар, добар како дипломат, добар како режисер и докажан.

Она што сакам да го истакнам со жалење е тоа што ДУИ не учествува тука на оваа седница, бидејќи тие, навистина, губат шанса да учествуваат во изборот на еден човек кој ќе го отвори дијалогот помеѓу сите политички партии во Паерламентот. Затоа што господинот Георгиевски не е само политичар кој знае да претставува една партија, туку станувајќи претседател на Собранието, ќе биде човекот кој ќе знае да ги претстави сите политички партии во Парламентот. Да го отвори дијалогот меѓу нив и, навистина, да ја развие парламентарната соработка на едно достојно ниво, ниво што парламентот ќе го издигне на една институција што до сега можеби беше запоставена и беше во сенка на останатите инситуции во Република Македонија.

Затоа сакам да кажам дека ќе гласам со задоволство и со задоволство го прифаќаме решението, заложбата на професорот Георгиевски да биде претседавач, прв меѓу еднаквите и да се однесува еднакво кон сите. Тоа ќе ни биде чест и мислам дека и нему, исто така, ќе му служи на чест кога ќе успее да се докаже како прв парламентарец кој ќе биде почитуван од сите пратенички групи. Ви благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Збор има пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседавач, почитувани колеги,

Она што имаме можност да го гледаме после 5-ти јули е навистина интересно, наговестува дека ќе имаме интересен период не само во меѓувреме, туку и она што се случува во наредните денови во политичката сцена, ако се раководиме по тоа што се случува во овој период, наговстува дека ќе имаме навистина за што многу да дебатираме и за што да дискутираме.

Денеска, присуствуваме на втората половина од првиот од 100-те чекори, заради тоа што, за жал, владеачкото мнозинство не беше подготвено првиот чекор од нивните стоти чекори да го изоди веднаш на закажаната Конститутивна седница. И, она што се случуваше претходниве денови, во сите оние дебати за тоа кој да биде прв човек на законодавниот дом ми дава за право дека овој предлог што денеска го имаме, не е заради тоа што како што кажа мојот претходник, затоа што е добар кандидат туку затоа што е најдобар, туку заради тоа што како коалиција не можевте да најдете друго решение за претседател на Собранието. Ве одбија сите ваши коалициони партнери. Не можевте да се усогласите во вашата пратеничка група и од немајкаде се одлучивте за ова решение.

Не можам да се согласам дека е доволно кандидатот за претседател на Собрание да биде некој кој ќе зборува сам за себе, за кого не треба да се приложи биографија. Мислам дека не треба да е доволно да се погледаат неговите претстави или да ги погледнеме неговите колумни каде водел дијалог со различни категории на граѓани.

За да се биде претседател на Собрание, треба многу повеќе. За да се биде претседател на Собрание не треба себе си или другите да ве сметаат за добар режисер, заради тоа што добро режирате театарски претстави, не значи дека добро ќе ги режирате парламентарните седници.

За да се биде претседател на Собрание, треба многу повеќе од Факултет за драмски уметности, многу повеќе од театролог, за тоа треба мудрост, за тоа треба политичка зрелост и умечност, за тоа треба партиска непристрасност. За тоа треба чувство на праведност и расудување, согласно Деловникот и Уставот, затоа треба да бидете свесни за тежината на функцијата претседател на Собранието, не само како прв човек на законодавниот дом, туку и како втор човек во државата. За тоа треба толерантност, за тоа треба да балансирате меѓу позицијата и опозицијата, за тоа треба да имате чувство дека сите пратеници се за вас подеднакви.

Ако за нас е доволно да ги прочитаме само колумните или да ги гледаме само претставите, тогаш она што можам да го заклучам од колумните е неверојатна опседнатост и би рекла доза на омраза спрема Социјалдеморкатскиот сојуз, што како претседател на Собрание никој не смее да си го дозволи. Дали тоа ќе биде така, останува да покаже времето. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Сега се јави пратеникот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Ви благодарам господине претседавач.

Нормално е и Демократската партија на албанците пред јавноста да го искаже својот став за кандидатот за пртседател на Собранието.

Верувам дека за професорот нема потреба овде да ги набројуваме неговите интелектуални вредности. Сите добро го познаваме. Но, ние мислиме дека неговата ориентација, постојана, политичка, антикомунистичка и прозападна и процивилизаторска кон западните вредности е еден силен аргумент, за да го поддржиме и ние како политичка партија. Од друга страна, сите оние кои ценат дека неговата возраст, можеби, ќе го оспори да ја врши функцијата претседател на Собранието, јас напротив, ценам дека тој, со својата возраст ќе успее да направи еден баланс на политичките сили, внатре во овој парламент,

но нормално да даде и свој придонес за отворањето или за зголемувањето на дијалогот меѓу Албанците и Македонците.

Значајно е на крајот уште да кажам дека почитуваниот професор, можеби во голем дел не е импониран и можеби не знаат дека има голем придонес во развојот на културните вредности на Албанците. Тој има направено режија на многу дела на албански интелектуалци. Да спомнам еден, бидејќи не сум лице од културата, а другите имаат повеќе информации во оваа насока, како делото на почитуваниот академик Реџеб Чосе "Живата свинга", за што режија направи почитуваниот професор.

Од друга страна, ја користам можноста на сите пратеници да им посакам, особено на пратениците Македонци утрешниот празник и на Парламентот да му посакам успех во работата. Значи, ДПА стои зад кандидатурата на професорот, господинот, како претседател на Парламентот. Ви благодарам.

**Стоијан Андов:** Благодарам.

Молам, дали уште некој бара збор.

За збор се јави пратеникот Владо Бучковски, досегашен, сеуште премиер на Владата. Имате збор.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине Андов.

Морам да признам ме инспирираше пратеникот Мендух Тачи да кажам и јас неколку збора, да бидам доследен на она што го говорев и за време на кампањата.

Ако пред 12 години господинот Љубиша Георгиевски говореше нешто друго за Албанците, сакаше да им ги сече канџите, а денеска ветува дека ќе биде маникир или педикир, јас би рекол според ова што го говори господинот Мендух Тачи, јас се радувам ако биде така.

Мислам дека неговото искуство што го има, драгоцено искуство му покажа дека и самиот од своето однесување треба да извлекуква некои поуки. Особено сега, кога Македонија се наоѓа во клучниот период за својата иднина. Мислам дека излетите од неговата кампања во 1994 година скапо го чинеа и за неговата политичка кариера. За тоа не треба да се страми, ова да се напише во неговата кариера дека во 1999 година беше повторно кандидат за претседател, собираше потписи, не успеа да ги собере потписите, затоа што ВРМО ДПМНЕ тогаш имаше други планови, имаше друг претседателски кандидат. Мислам дека тоа треба да стои во неговата биографија.

И, она што веројатно направен пропуст, не може белградски студент да не познава, а веќе докажа полиглот, српски јазик. Мислам дека не треба да се страмиме од минатото, иако имаше излети што мисли дека ќе најде можност во првата можна прилика да повлече дел од своите претешки зборови не кон СДСМ, кон минатото на Република Македонија. Посебно околу улогата на ЈНА. Имаше претешки зборови. Мислам и во преписката што ја имаше и во давањето изјави, во дијалогот што беше со министерот за одбрана Јован Манасијевски, сегашниот пратеник Јован Манасијевски некои работи се расчистија, но мислам дека нема да биде добро за вториот човек во државата или првиот меѓу еднаквите овде да остане на оние ставови што ги промовираше околу минатото на Република Македонија, околу сето она што го имавме како искуство со него во 1994 година, околу албанците и нивните права. И, најбитно, иако нашите релации се крајно коректни, неговото однесување во последниве неколку месеци кон СДСМ, за што говореше пратеничката Грковска.

Со надеж дека утре ќе ја искористи првата можност и од Пелинце на Илинден ќе испрати пораки што ќе го промовираат новото лице на Љубиша Георгиевски, му посакувам успешна работа.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За збор се јави господинот Мендух Тачи.

**Мендух Тачи:** Добро, би сакал да се гледаме во лице господине Бучковски.

Мислам дека не е фере на овој чин вака да продолжиме или да отвориме некои теми што вас, како партија ќе ве доведат во ладна вода.

Можеби професорот така изјави. Но, зад политичкото дејствување на професорот нема убиени Албанци. Нема гробови на Албанци. Зад вашето политичко дејствување и на вашиот претходник господинот електроинжењер Бранко Црвенковски има убиени и тероризирани Албанци од Љадоришта па до Брезово. Седумнаесетгодишно дете. Сепак, не е фер и не е коректно. А, да не ви зборувам јас за вашите пријателски односи со господата од ДУИ кои не се тука и за вашата коалиција што ја направивте во 2002 година. Таа коалиција од што произлезе? Јас не очекувам вие лично и СДС да ги браните интересите на Албанците.

Почитувани пратеници,

Мислам дека ова што го прави господинот премиер е некоректно во овој свечен чин. Отворањето на ваквите теми не враќа неколку децении наназад. Ние немаме желба да се враќаме назад и да анализираме што се случило. Политичките изјави, провокациите меѓу полемиките што јас сум ги имал пред неколку години со професорот само кажуваат дека вие апсолутно не сте подготвени, не сте подготвени воопшто за конструктивна политика. Мислам дека во овој свечен чин не е коректно, можеби и од моја страна, да навлегувам во концептуални разјаснувања, милитарни, идеолошки на вашата коалиција, СДСМ и овие кои излегоа надвор. Верувам дека е друго време.

Професорот би рекол дека, доколку настојувате да го играте повторно "Хамлет" тоа ќе биде пародија. Ништо друго.

**Стојан Андов:** Благодарам.

Пратеникот Бучковски, премиерот се јавува за збор.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине Андов.

Да се гледаме со господинот Тачи, е мило да се гледаме во очи.

Немаше потреба од таква нервозна акција господине Тачи. Немаше потреба. Свечениот чин останува свечен. Ние ќе биде конструктивна опозиција и ќе ги кажуваме работите отворено, овде од говорницата. Да учиме на грешките. Ако вие тврдите дека вашата коалиција ќе биде поуспешна од нашата, јас ви посакувам да биде така. Посакувам и вие да извлечете искуство од вашето владеење од 1998 до 2002 година. Верувам дека Македонија сега нема да ја доведете до војна, затоа што имате многу повеќе искуство. А, говорите за време кога имаше мир и кога имаше изолирани инциденти, каде што функционираше правната држава. Мислам дека е некоректно на тој начин да се спомнува името на сегашмиот Претседател и да се импутира дека Социјалдемократскиот сојуз на Македонија убивал Албанци. Мислам дека малку претеравте.

Но, од друга страна, секогаш кога ќе се обидувате да ни кажете што е ваше дефиниција на конструктивна опозиција, имајте на ум дека сепак нема да дозволиме, иако ќе имаме режисер за спиќер или претседател на Парламентот, од Парламентот да правите театар. Благодарам.

**Стојан Андов:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Никола Поповски, министер за финансии.

**Никола Поповски:** Благодарам господине Андов.

Почитуванија пратеници,

Прво, сакам јас, како ваш колега на сите да ви го честитам изборот на последните Парламентарни избори и да ви посакам успешна работа во идните четири години.

Навистина крако сакам да се осврнам на нешто што ушете од почетокот ми мирисаше и ми делуваше како нешто што не е правилен тек на работите и, се разбира, сум уверен дека нема погрешно да бидам сфатен од оние кои ќе ги посочам во таа функција.

Морам да кажам дека бев изненаден на 26 јули, не толку заради неизборот, затоа што е логично ако некој немал договорена личност, да почека неколку дена. Тоа е можеби сосема нормално. Она што ме изненади е изјавата на еден од лидерите на победничката коалиција, кога рече дека - можеби, разговарајќи само за Владата заборавивме на местото претседател на Парламент што треба да го избереме. Јас се надевам дека ите пратеници ќе се обраќаат со зборовите што се во Уставот на Република Македонија за функција што некој ја извршува.

Тоа за мене беше првиот сигнал дека во владеачката коалиција една од клучните места, не сакам заради тоа што сум бил поранешен претседател на Собранието да ја величам таа функција, таа е определена со Уставот, таква каква што е. Моето мислење е дека таа функција не може да предизвика тектонски промени во државата ако се извршува добро. Меѓутоа ако се извршува лошо, тогаш стапува на сцена колку е важна таа функција.

Како пратеник во овој Параламент сум ги имал и двете искуства. Сум имал ситуација да видам како претседател на овој Парламент ја извршува лошо функцијата и заради тоа ја доведува во позиција цела Република Македонија да не може да зачекори напред. Се надевам дека господинот Георгиевски ќе ја извршува добро и дека колку помалиу е забележлив,толку ќе биде подобро за сите нас. Тоа што ме зачуди дополнително после изјавата на еден од лидерите е изјавата на потпаролот на истата партија во еден момент кога кажа дека ниту еден од коалиционите партнери не е заинтересиран за тоа место ,посочувајќи ги ЛП, НСДП, мислам дека и ДПА. . Тогаш веќе изјавата на лидерот ми стана јасна дека не е случајна, дека владеачката коалиција покажува доза на потценување, се извинувам на зборот, кон изборот на прв човек на претседателот на Собранието , прв човек на Парламентот, затоа што кога сите коалициони партнери го третираат како колатерален проблем изборот на претседател на Собранието и не се заинтерсирани за тоа , иако во тие партии има и двајца поранешни претседатели на Собрание, сметав дека е несоодветен однос кон една од најважните , а во законодавна смисла и најважната единствена институција на Република Македонија.

После таквите изјави, сметам дека понудата на претседател, доаѓа како залечување на прерано дадените изјави и рани, па дури и денешната изјава на господинот Милошовски дека сакаат да ја претворат функцијата да не биде толку занемарена и потценета како што била досега и несоодветна, затоа што ова што го елаборираме е токму тоа демонстрирано во изминатите 20 дена, кога сите се оградија од коалицијата дека не го сакаат тоа место, како да не е потребно.

Се надевам дека тоа ќе се исправи и дека во иднина Парламентот нема да биде резидуа на политичката распределба на коалиционите партнери.На господинот Георгиевски му посакувам успешна работа . Тоа што сакам да го кажам е однапред резерва, која ја кажа и господинот Ќуркчиев во името на пратеничката гурпа , за разлика од тоа што господинот Тачи го кажа , јас мислам дека не е доволно за некој да се каже дека е антикомунист и дека е тоа доволно за Македонија во 2006 . Тоа беше доволно 1990 година. Денеска сакам да го слушнам зборот проевропски или така , а тоа не го чув од тие што го кандидираат господинот иден претседател.

Меѓутоа, се надевам дека нешто друго нема да се случува, за разлика во Владата која е израз на победичката коалиција , Парламентот е сеуште израз на волјата на народот. Дури во овој Парламент според сегашниот однос на силите, распоредот позиција-опозиција мислам дека е 53 на 47 во проценти. Се надевам дека идниот претседател на Собранието, кој евидентно ќе биде избран заради односите во Собранието, ќе биде претседател кој ќе води грижа за сите, а

дисквалификациите кои досега беа својствени на неговиот речник , единствено можеме да го црпиме од колумните , зашто друго и нема , ќе биде нешто што ќе биде заборавено . Инаку нема да можеме да функционираме во Парламентот.

Благодарам.

**Стојан Андов:** Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67, став 1, од Уставот на Република Македонија и член 24, став 1 од Деловникот, Собранието од редот на пратениците избира претседател на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието.

Преминуваме на гласање.

Предлогот, пратеникот Љубиша Георгиевски да биде избран за претседател на Собранието на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 86 пратеници, за гласале 69, се воздржале 17, против нема.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Вкупно гласаа 89 пратеника, 69 за, 20 воздржани, нема против.

Констатирам дека Љубиша Георгиевски е избран за претседател на Собранието на Република Макеоднија. (аплауз)

Дами и господа пратеници, почитувани гости, дозволете ми во ваше има и во мое име на господинот Љубиша Георгиевски да му го честитам изборот за претседател на Собранието на Република Македонија и да му посакам успех во работатата.

Го молам претседателот на Собранието да даде свечена изјава .

Ве молам, сите да станете.

Го молам претседателот на Собранието да го повторува по мене текстот на свечената изјават.

Свечена изјава:

Изјавувам дека функцијата претседател на Собранието на Република Македонија , ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе почтуван Уставот и законите на Република Македонија.

Го молам претседателот на Собранието да ја потпише свечената изјава.

(претседателот ја потпишува свечената изјава)

Го молам претседателот на Собранието да го заземе своето место.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници , дами и господа , браќа и сестри, дозвелете ми најнапред да ви го честитам изборот за пратеници и да ви заблагодарам најсрдечно за укажаната доверба.

Занимавајќи се цел живот со театар ,сфатов едно како најсигурно, дека времето е многу скапо и затоа нема да зборувам повеќе од три минути. Се надевам дека ќе ја разберете пораката.

Благодарам на сите што гласаа за мене, благадарам и на оние што се воздржаа, затоа што тоа ја воспостави сликата на еден вистински демократски парламент.

Многу сум задоволен што имам широк круг на читачи и онака како што се надевав, моите читачи се и во левицата, што ми чини сериозно задоволство и еве, во овој момент ги охрабрувам и понатаму да го читаат моето дело, односно да го гледаат.

Би споделил со вас само едно разочарување и неколку надежи. Разочарувањето се состои во тоа, сигурно сите го споделува, во напуштањето на седницата на Парламентарната група на ДУИ. Но, од тоа не треба да се прави драма . Јас припаѓам веќе 15 години на една партија, која тоа често го прави. Тоа е легитимно. Во овој дом е легитимно да се израџува и револт ако не , можеме да кажеме дека овој дом ќе постои за тоа. Овој дом постои малцинството да може да го изрази парламентарното малцинство,да го изрази својот револт. Зато и постои. Овој дом постои за тоа да го спречии мнозинството да го мајоризира малцинството. Тука говорам за политички мнозинства и за секакви дрруги, затоа што крајната мајоризација на малцинството од страна на мнозинството води кон диктатура на пролетеријатот. Но, има и нешто обратно. Може да ње случи мајоризација на малцинството извршена врз мнозинството, а тоа води кон фашистичка олигархија.

Сакам да потенцирам дека јас сум адем на балансот . За мене политиката е баланс и овде ќе седи балансер. Нр можам да не го спомнам значењето на датата 1-ви август спроти 2-ри август, спроти Илинден и не можам да се воздржам да не кажам дека тоа е за мене сихроницитет, не е обичен случај. Дај Боже , да биде така. Синхроницитет кој маркира крај, истекувањето на еден период на политичкиот живот на Македонија кој се карактеризираше со класични напнатости на етнички план. И влегува во еден нов период кој ќе се карактеризира со класични европски напнатости во Парламентот. Напнатости во областа на економијата. Не можам да избегнам овој момент да не кажам, да не ја кажам својата сопствена девизаа доживотна за да ме познавате подобро, која по некоја случајност тука нема синхроницитет е исклесана врз бигорната плоча на гробот на Јане Сандабски. Врз неа е исклесана следната максима:"Робот се бори за слобода , а слободниот човек за совршенство". Ние сме сите овде конечно во овој Парламент и тие што ја напуштија седницата. Затоа треба да се бориме за совршенсто. Тоа е во доделницата помеѓу еден предполтички парламент , кој е само поскомунистичка имитација на демокрација и е еден вистински парламент кој се бори за совршенство, преведено на еден наш јазик се бори за Европа.

Соиред тоа, јас лично се надевам дека ќе го промениме дискурсот, но не само како содржина.Ќе го промениме дискурсот како интонација , како каденца, како артикулација , за да се воздигнеме на едно повисоко ниво.

На крајот сакам нешто да кажам , бидејќи кога човек има ретка професија често и со право луѓето го перцеприраат низ таа професија. А режисерката професија е ретка . Јас кога предавам режија велам вака, а сум ја предавал на многу универзитети. Биографијата навистина, не е напишана. Не сум седнал една минута да ја реактуелизирам и на сите критичари што ми замеруваат за една таква никаква биогафија е на пример тоа не сум напишал дека сум предавал во Американски универзитет и дека сум го делел трудот со европски институции итн. Но сметам дека тоа можеби е премногу нарцисоидно. Тука, кога сум кај луѓето кои ми замерувaа нешто им борчам благодарност.

Почитуваниот Никола Поповски кој ми дава еден совет за кој имам слух дека човекот што седи овде треба да е што понезабележлив. Тоа е така и точно. Тоа е исправна режија на оваа моја. Многу точно и јас благодарам. Во ова нема иронија. Благодарам. Но се надевам дека и во советот на почитуваниот Поповски немаше иронија кога тој рече незабележлив претседател. Тоа не значи незабележлива личност. Зошто ако е незабележлив, може да биде и незабележан. А тоа е тогаш катастрофа. Значи, благодарам за таа критика, благодарам на сите критики но тоа го прифаќам всушност, како што не го прифаќам дека имам идионсингазија кон една политичка партија. Не е точно. Имам многу пријатели во вашата политичка партија.

Последно што би сакал да потцртам е тоа дека би се вратил на режијата, ако веќе ме перцепирате така, немам ништо против. Тоа не е некое долно или корумпирано занимање, тоа е одлично занимање. Но, сакам да ви кажам дека јас тој предмет го почнувам и го предавам вака: Драмата е конфликт, а режијата е менанџмент. Јас се занимавам 40 години ерго со менанџмент на конфликт, се разбира. Конфликтите во оваа куќа ќе бидат со друг квалитет, од друг модалитет ако сакате. Од друга супстанца. Меѓутоа, тоа се конфликти. Верувајте ми ќе имам слух конфликтот да го забележам пред сите други, за што тоа е мојот инстикт и огромното искуство во тој домен и да го превенирам со сите сили. Верувајте ми дека со заеднички напори овој Парламент ќе почне да го менува со побрзи чекори својот имиџ кој беше малку во јавноста дека не е доволно парламентарен итн.

Ете, тоа би сакал да ви кажам со оваа кратка инаугурална беседа и со тоа да си останам на зборот дека го почитувам времето на оваа куќа, го почитувам и вашето приватно време.

Уште еднаш ви се заблагодарувам и мислам дека бидејќи дневниот ред е исцрпен.

Дами и господа пратеници, уште не знам како оди сценариото, ќе ме извините. Кога би имало сценарио тоа би било супер.

Дами и господа пратеници, дозволете ми во мое и во ваше име и во име на граѓаните на Република Македонија, да им го честитам утрешниот празник 2- ри Август.

Благодарам.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам конститутивната седница на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз).

(Седницата заврши со работа во 13,10 часот)